# ГРУПАЦИЈА ЦЕНТРАЛ АЗИЈА МЕТАЛС

## (ВКЛУЧИТЕЛНО ЦЕНТРАЛ АЗИЈА МЕТАЛС ПЛЦ И СИТЕ НЕЈЗИНИ ПОДРУЖНИЦИ,ОГРАНОЦИ, ЗАЕДНИЧКИ ПРЕДПРИЈАТИЈА И ПОВРЗАНИ БИЗНИСИ )

# ПОЛИТИКА ЗА ТРГОВСКИ САНКЦИИ

## 1. **ВОВЕД**

Овој документ ја опишува Политиката за трговски санкции на Централ Азија Металс ("Компанијата") и сите нејзини подружници во светот. Компанијата е посветена на спроведување на сите аспекти на својот бизнис во согласност со највисоките правни и етички стандарди и очекува сите вработени и други лица кои дејствуваат во нејзино име да ја поддржат оваа обврска. Во согласност со оваа обврска, ломпанијата ја усвои оваа Политика за трговски санкции (оваа "Политика"), којашто важи за сите службеници, вработени и придружни лица (вклучувајќи консултанти, агенти, добавувачи и претставници на компанијата) (колективно "Персоналот во компанијата"). Накратко, персоналот на компанијата ќе ги почитува сите важечки закони за трговски санкции, вклучувајќи, кога се применливи, прописите за санкции на ЕУ, Управата за контрола на странски средства ("OFAC") од регулативите за санкции на Соединетите Американски Држави и Прописи за управување со извоз ("EAR") на Соединетите Американски Држави (колективно"закони за трговски санкции").

Оваа политика и внатрешните контроли се создадени да го спречат нарушувањето на законите за трговски санкции, за да се избегне појава на прекршоци и да се овозможи на компанијата брзо и ефикасно да одговори на сите барања за нејзиното однесување. Во следните страници е прикажан општ водич за усогласеност со трговските санкции, но не ги опфаќаат сите можни сценарија кои можат да ги вклучат прашањата што се однесуваат на усогласеноста со оваа политика.



Поради сериозните последици од прекршување на законите за трговски санкции, кон секој вработен кој ја прекршува оваа политика ќе биде биде превземенеа дисциплинска мерка, вклучувајќи и отпуштање од компанијата. Секој персонал на компанијата кој има прашања во врска со барањата од оваа политика треба да се консултира со нивниот надзорник или со правниот советник на Групацијата користејќи ја постапката утврдена во Политиката за укажување на Групацијата Централ Азија Металс. Погледнете во поглавје 6 за повеќе информации за известување.

## 2. САНКЦИИ ВО САД И КОНТРОЛА НА ИЗВОЗ

OFAC е канцеларија во рамките на Министерството за финансии на САД која има одговорност за управување, спроведување и извршување на економски санкции. Постојат две општи категории на OFAC санкции: (1) програми за санкции врз основа на земјата и (2) програми за санкции базирани на листа. Програмите за санкции врз основа на земјата имаат широк опсег на санкции низ целата земја во однос на пет земји и региони: Куба, Иран, Северна Кореја, Сирија и регионот Крим во Украина / Русија ( "земјите под ембарго"), што може да се менуваат од време на време. Забраните во прописите генерално забрануваат лицата од САД (и правни и физички) да се вклучени во било каков бизнис со наведените земји под ембарго, без лиценца од OFAC. Спротивно на тоа, санкциите базирани на листата на OFAC се однесуваат на поединци и правни лица во одредени земји (на пример, Белорусија, Брегот на Слоновата Коска, Зимбабве, Украина), како и поединци и правни лица кои учествуваат во одредени активности (на пример, трговија со наркотици, тероризам и распространување на оружје за масовно уништување). Одредбите на санкциите на OFAC забрануваат зделки меѓу лица од САД и поединци или правни лица вклучени во списокот на специјално назначени државјани и забранета лица на OFAC ("SDN Листа") и / или од поединци или лица на листата на SDN ( "забранети лица" ). OFAC редовно ја ажурира SDN листата и пристап до неа има на:
https://www.treasury.gov/resource-center/sanctions/SDN-List/Pages/default.aspx

Одредбите на санкциите на OFAC, исто така, забрануваат лица од САД да ги "олеснат" активностите на лице кое не е државјанин на САД, со земјите под ембарго или блокирани лица со што би се прекршиле прописите за санкции доколку ги спроведе лице од САД. Ова значи дека лицата во САД не смеат да помагаат или поддржуваат зделки што би биле забранети ако се извршени од страна на американски државјанин.

Преку процесот на лиценцирање, OFAC може да овласти лица од САД да се вклучат во одредени зделки кои инаку би биле забранети со прописите за санкции. Дополнително, одредени исклучоци наведени во прописите за санкции можат да дозволат компанијата да соработува со земји под ембарго и забранети лица во одредени околности. Вработените во компанијата не треба да претпоставуваат дека зделката со странка со забрана од OFAC е дозволена согласно исклучок или лиценца без претходно да се консултира со правниот советник.

Прописите за управување со извозот на САД ("EAR"), спроведени од страна на Бирото за индустрија и безбедност на американското Министерство за трговија, го регулира извозот и реизвезувањето на стоки, софтвер или технологија кои се "предмет на" EAR без оглед на националноста на лицата кои се вклучени во зделката.

Општо земено, нешто е предмет на EAR доколку, на пример, (1) е произведено или потекнува од САД; (2) е производ произведен во странство кој содржи поголем дел на одреден процент од содржината контролирана од САД; (3) е странски производ базиран на одредена технологија или софтвер од САД, се контролира за национална безбедност и е наменет за испорака до одредени дестинации; или (4) бил направен во фабрика или поголем огранок на фабриката лоцирана надвор од САД доколку таа фабрика или главна компонента на фабриката е директен производ на одредена американска технологија или софтвер, се контролира за национална безбедност и производот е наменет за испорака до определени дестинации. Прописите за управување со извозот може да се најдат на: https://www.bis.doc.gov/index.php/regulations/export-administration-regulations-ear Прекршувањата на санкциите на САД се предмет на значителни граѓански, административни и кривични казни.

## 3. НАШАТА ПОЛИТИКА

Персоналот на компанијата мора да ги спроведува своите активности во целосна согласност со оваа политика и сите важечки закони за трговски санкции. Според оваа политика, компанијата и персоналот на компанијата, без претходна согласност од правен советник, не смеат да:

- да се вклучат во било каков бизнис или да се занимаваат со земји под ембарго, со забранети лица или со поединци или правни лица наведени како цел за санкции од страна на САД или,

- олеснување на зделки со трети страни кои вклучуваат земји под ембарго, забранети лица или поединци или правни лица означени како цел на санкции од страна на властите на ЕУ или на САД.

Имајте во предвид дека оваа политика му забранува на персоналот на компанијата да се занимава со директна и индиректна бизнис соработка со земји под ембарго и со забранети лица. Ова значи дека компанијата нема да склучи договор со крајните корисници или со други клиенти, каде компанијата се согласува да извезува производи или услуги или да увезува производи или услуги од земји под ембарго или забранети лица. Исто така, компанијата нема да овласти дистрибутери или агенти да ги препродаваат услугите на компанијата на клиенти во земји со ембарго или на забранети лица. Во случај ако вработените во компаниајта дознаат дека трети лица обезбедуваат услуги на или во земји под ембарго или на забранети лица, тие се должни веднаш да го известат правниот советник.

## 4. ПРОЦЕДУРИ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ И ОБУКИ

Како дел од тековната обврска на компанијата за усогласување на трговските санкции, сите вработени мора да се запознаат со копијата од оваа политика. Во зависност од вашата и позиција, вработените потоа мора во писмена форма да потврдат дека (1) се запознаени со политиката; (2) се согласуваат да се придржуваат кон политиката; и (3) се согласуваат да ги пријават сите потенцијални нарушувања на политиката до правниот советник. Покрај тоа, компанијата ќе обезбеди периодични програми за обука за усогласување со трговските санкции, зада ги запознае вработените со барањата и обврските од законите за трговски санкции и оваа политика. Сите вработени на битни функции мора да учествуваат на оваа обука, а правниот совентик ќе води евиденција за посетеност согласно ова барање за соодветен временски период.

## 5. ПРИЈАВУВАЊЕ БАРАЊА И ЗАШТИТА ОД ОДМАЗДУВАЊЕ



Компанијата својата заложба за усогласување на трговските санкции ја смета за многу сериозна и очекува сите вработени во компанијата да се придржува кон истото. Поради тоа, компанијата очекува и бара од секој вработен кој знае или има причина за сомневање во прекршување на оваа политика, веднаш да го извести правниот советник по процедурата која е објавена во Политиката за укажување на политиката. По можност се пријавува јавно, но, ако е строго неопходно и оправдано поради исклучителни околности, може да се пријави и анонимно.

Во политиката на компанијата стои дека, ако пријавувањето за постоечки или сомнителни прекршоци е чесно и со добра волја, нема да се преземат негативни мерки во врска со вработувањето против кој било кој од персоналот на компанијата во знак на одмазда за пријавување прекршување или сомневање во прекршување на законите за трговски санкции или ова политика.

Образец А

ПОТВРДА ЗА ПОЛИТИКАТА ЗА ТРГОВСКИ САНКЦИИ ЗА ВРАБОТЕН
(ДА СЕ ПОПОЛНИ ОД ОДРЕДЕНИ ВРАБОТЕНИ ВО КОМПАНИЈАТА)

Јас, ______________________________, потврдувам дека:

- Сум запознаен со Политиката за трговски сакции на компанијата;
- Се согласувам да се придржувам до политиката;
- Се согласувам да пријавувам потенцијални прекршоци на правниот советник;
- Разбрирам дека не непочитувањето на законите за трговски санкции можат да резултираат со итно раскинување на договорот и судско обвинување, вклучувајќи парични и затворски казни.

_____________________________ _________________________
Потпис Датум

_____________________________ _________________________
Име и презиме (печатни букви) Работна позиција